**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**
**Бр.02 - 2845/2**
**02 11 . 2007 год.**
**Скопје**

Врз основа на член 75, 129, 132, 133 и 142 од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" бр.64/2000 и бр. 49/2003), член 13 до 39 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" бр.62/2005), и согласно Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања, на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник бр. 29/2002), Наставно-научниот совет на XXVI-та седница, одржана на 31. 10. 2007 година, **донесе**

# ОДЛУКА

## за избор во наставно-научно звање и засновање на работен однос на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

**I**

**Д-р МИЛЕ ПЕШЕВСКИ**, се избира во наставно-научно звање - **редовен професор по предметот менаџмент во поледелското производство** на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Билтен бр.927, стр.207 од 1. 10. 2007 година, по Конкурсот објавен на 9.7.2007 година, во весникот "Дневник" (втор избор).

Именуваниот продолжува со Договорот за вработување и остварува права и обврски од работен однос на Факултетот за земјоделски науки и храна, согласно Законот за високото образование, Законот за работни односи и колективниот договор.

Звањето редовен професор го задржува доживотно.

**II**

Во согласност со оваа одлука, деканот на Факултетот ќе донесе решение за распоредување на работно место и за утврдување на плата и надоместоци од плата, како редовен професор.

**III**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од **1. 11. 2007 година.**

Одлуката да се достави до именуваниот, сметководството, благајната, персоналното досие, архивата и документацијата на Факултетот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука, незадоволната страна има право на приговор до Наставно-научниот совет, во рок од 8 дена од денот на доставувањето

**ДЕКАН,**

**Проф.д-р Ордан Чукалиев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Факултет за земјоделски науки и храна СКОПЈЕ